Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
Бр. 04-630/18
08.05 2025 год.
КАВАДАРЦИ

**Јавно претпријатие за јавни паркиралишта**
**„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**
**Ул. 7- ми Септември бр. 1**
**Кавадарци**

Врз основа на член 45, став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р.М.", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М " број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р. М.„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на Р. С. М." број 143/2019,14/2020 и 208/24),

Директорот на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци , донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас**
**за вработување на административен службеник**

I. Во врска со јавен оглас бр.67/2025 за вработување на административеvн службеник во Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, објавен на 26.03.2025 година на веб страницата на Агенцијата за администрација како и во дневните весници "Слободен печат", "Вечер" и "Коха", за работното место со шифра КДР 01 02 Б04 064 Раководител на одделение за финасиски работи, Одделение за финасиски работи, со звање Раководител на одделение, во Одделение за финансики работи.............................................................(1) извршител, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот со идентификациски код 9392FF4 **ТАТЈАНА КАРАДАКОВА.**

II. Одлуката за избор се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во член 38 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р.М.", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М " број 275/2019, 14/2020, 215/2021,99/2022 и 208/24), предвидена е постапка за вработување на административни службеници врз основа на објавен јавен оглас.

Врз основа на објавениот јавен оглас бр.67/2025 за вработување на административен службеник во Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, објавен на веб страницата на Агенцијата за администрација како и во дневните весници "Слободен печат", "Вечер" и "Коха", за работно место Раководител на одделение за финансики работи, со звање Раководител на одделение во Одделение за финасиски работи.............................(1)извршител, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-527/3 од 03.04.2025 година за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, ја спроведе постапката за вработување на административни службеници која се состои од фаза на административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју.

Согласно, записникот од административна селекција бр.10-527/4 од 10.04.2025 година, записникот од спроведен испит бр.10-527/5 од 24.04.2025 година, записникот од спроведена

проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-527/6 од 29.04.2025 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас до Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување по јавен оглас бр.67/2025, како и предлог бр.10-527/7 од 29.04.2025 година на кандидати за вработување со најголем број освоени бодови.

Согласно член 45, став (1) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р.М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), Директорот на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, по добивањето на ранг листата на кандидатите и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.67/2025, одлучи како во диспозитивот на одлуката, каде за работното место со шифра КДР 01 02 Б04 064 Раководител на одделение за финасиски работи, Одделение за финасиски работи, со звање Раководител на оделение во Одделение за финасиски работи.................................................................(1) извршител, се избира кандидатот **Татјана Карадакова.**

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**
**Директор Таско Атанасов**